Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 150/0306
22.09 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11.09.2026 година, врз основа на примена жалба од **Себил Арифи,** го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СПОРНАТА СОДРЖИНА И ЈАВНО ИЗВИНУВАЊЕ ОД СТРАНА НА МЕДИУМОТ

За објавата на Фејсбук профилот на интернет порталот – онлајн **медиум Без цензура (pacenzure.com), на видео прилог, репортажа од погреб во село Глоѓи на 28.08.2026 г.**, не е изречено прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија и отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, а жалбата се смета за решена поради повлекувањето на новинарскиот материјал и јавното извинување од страна на медиумот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Себил Арифи, на 29.08.2026 упати жалба за видео прилогот на Без Цензура (pacezure.com) од погреб во село Глоѓи на 28.08.2026 г., при што се жали на неточно и нефер известување, на говор на омраза, на мешање на рекламирање со новинарска содржина и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата за овој прилог на посочениот давател на медиумски услуги, меѓу другото, се наведува: „… Авторот на прилогот ги нема контактирано двете засегнати страни за да ги провери фактите пред објавувањето, со што е директно прекршен Член 1 од Кодексот на новинарите. Во видеото се изнесени неосновани обвинувања без соодветни докази и се користи навредлив говор и говор на омраза насочен кон вработени во Исламската Верска Заедница (ИВЗ) – конкретно оџата на селото Глоѓи. Со ваквиот пристап директно се загрозува меѓуетничкиот и верскиот мир, хармонијата и стабилноста во општеството.“...
Во жалбата на СЕММ му е доставена дел од содржината (скриншот фотографија и линк од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со давателот на медиумски услуги „Без цензура“ и побара да се изјаснат по однос на наводите во жалбата.
Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека известувањето е непрофесионално.
До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи дека за објавата на Фејсбук профилот на интернет порталот – онлајн медиум Без цензура (pacenzure.com), видео прилог - репортажа од погреб во село Глоѓи на 28.08.2026 г., нема да утврдува прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија и отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно жалбата ќе се смета за решена поради брзото повлекување на новинарскиот материјал и јавното извинување од страна на медиумот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и го оценуваше прилогот и објавата на ФБ првенствено од етички аспект, во однос на членовите на Кодексот на новинарите на

Македонија. Прашањето за употребата на национални симболи при погребните обреди несомнено е тема од јавен интерес, но и сензитивна тема која бара внимателност при известувањето.

Комисијата утврди дека авторката на прилогот побарала мислење од засегнатите страни, односно и од ИВЗ и од локалниот оџа. Тоа што тие не одговориле, односно што оџата дал мислење за друг медиум, не може да се смета за етички прекршок на медиумот.

Натаму, иако во видео прилогот се појавува во еден момент спорна реченица во која станува збор за „враќањето на Турците“ на тие простори, Комисијата утврди дека тоа е premalку и несоодветно за да се оцени како говор на омраза од страна на медиумот, ниту пак најде говор на омраза кон верските претставници од ИВЗ, како што тврди жалителот .

Комисијата имаше забелешки на начинот на кој новинарката го најавила настанот како „неприфатлив скандал “. Со ваквата формулација таа однапред изнесува сопствена вредносна оценка и ја поставува рамката во која публиката треба да го разбере настанот што беше разгледано во однос на членот 6 од Кодексот, односно обврската за разграничување на фактите од мислењата и коментарите.

Сепак, Комисијата го имаше предвид и однесувањето на медиумот непосредно по објавувањето. Спорното видео брзо било целосно повлечено, а новинарката објавила јавно извинување. Со повлекувањето на содржината и јавното извинување е направена корекција и е покажана подготвеност за преземање одговорност, што е во согласност со целта на саморегулацијата.

Поради погоре изнесените аргументи, Комисијата одлучи за објавениот, а потоа повлечен видео прилог на „Без цензура“ од 28.08.2026 година да не утврдува прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија и отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно жалбата да се смета за решена.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Снежана Трпевска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595